Европска унија

Делегација на Европска унија

Скопје, 10 јули 2013

# Заврши проектот финансиран од ЕУ
# *Преглед на законските, организациските и ресурсрните барања на Народната банка во процесот на пристапување кон Европската централна банка (ЕЦБ) и Европскиот систем на ценрални банки (ЕСЦБ)*

Говор

Амбасадор Аиво Орав

Шеф на Делегација на ЕУ

**Почитуван Гувернер Богов,**

**Почитуван Господин Асумусен,**

**Ваши Екселенции,**

**Дами и господа,**

Ми претставува големо задоволство да бидам тука денес со вас на презентацијата за достигнувањата на проектот Евросистем за соработка со Народната банка финансиран од ЕУ.

Успешното спроведување на проектот обележува значајно достигнување во заедничката посветеност на Европската унија и Европската централна банка, заедно со централните банки на земјите-членки на Еврозоната, за поддршка на Народната банка како една од клучните јавни институции.

Со промовирањето стабилност и континуирана работа за самоподобрување, Народната банка заработи заслужена репутација како една од најпочитуваните институции во земјата. Со добиената помош од овој проект се унапреди донесувањето на нејзината регулаторна и оперативна рамка во согласност со барањата на централното банкарство на ЕУ.

Експерти од Европската централна банка и од 11 централни банки од Евросистемот и помогнаа на Народната банка во

идентификувањето на областите на кои им е потребно понатамошно подобрување. Крајниот резултат од нивната деветмесечна работа е детален Извештај за проценка на потребите во кој се наведени препораки за начинот на постигнување стандарди и норми потребни за идна интеграција во Европскиот систем на централни банки, кој го сочинуваат централните банки на сите земји-членки на ЕУ.

Следењето на препораките нема да помогне само во подготовката на банката за интеграцијата во ЕУ, туку ќе го зајакне исто така нејзиниот капацитет за справување со се потешката економска средина. Ние веруваме дека стручноста и насоките обезбедени за Народната банка, во основа ќе помогнат во одржувањето на економската и финансиската стабилност на земјата и на регионот. Ова е целта која ние ја делиме со ЕЦБ и ќе продолжиме да ја поддржуваме. Извештајот обезбедува значајна основа за идна помош за Народната банка.

На крајот, би сакал да им се заблагодарам на сите партнери на проектот за нивната напорна работа и посветеност. Проектот за проценка на потребите покажа како координираната помош која вклучува голем број институции на земјите-членки на ЕУ може не само да ги даде

посакуваните резултати, туку и да ги зајакне врските и соработката со институциите на земјата-кандидат.

Ви благодарам на вниманието.